Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 76, 15 март 2012 година

март 2012 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област економетрија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област тромбон на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за оценка на подобноста на темата за изработка на докторска дисертација и оспособеноста на кандидатот м-р Стојанче Мијалковски за научна работа ........ 16

**РЕФЕРАТ** за оценка на подобноста на темата за изработка на докторска дисертација и оспособеноста на кандидатот м-р Радмила Каранакова-Стефановска за научна работа ........ 21

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 27

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ ТРОМБОН НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност „Гоце Делчев“ во Штип на својот состанок, одржан на 20.11. 2011 година, донесе Одлука број 1902- 146/8 за распишување на Конкурс за избор на ***наставник во сите звања*** за наставно-научната уметничка област ***тромбон.*** Според објавениот Конкурс во дневните весници „Дневник” и „Лајм” на 9.12.2011 година, Наставно-научниот уметнички совет донесе Одлука за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област *тромбон* во состав:

- проф. м-р Иван Кочаров, ред. проф. во пензија од наставно-научната уметничка област *кларинет*, претседател;
- проф. м-р Гордана Јосифовска-Неделковска, ред. проф. во наставно-научната уметничка област *обоа*, вработена на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, член;
- проф. м-р Милица Шперовиќ-Рибарски, ред. проф. во пензија од наставно-научната уметничка област *пијано*, член.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија го поднесува следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев” за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област *тромбон* се пријави само еден кандидат, м-р Кирил Рибарски.

Кандидатот ги исполнува условите наведени во членот 128 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

Преглед на приложени документи на пријавениот кандидат:

- Пријава;
- Диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски труд;
- Кратка биографија;
- Потврда за владеење со странски јазик;
- Список на трудови/концерти (член 127), педагошки резултати;
- Уверение за државјанство;
- Изјава-образец 1 од Комисија за верификација на факти.

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Кирил Рибарски** е роден во Штип, каде што завршува средно музичко училиште. Дипломира тромбон на Музичката академија во Љубљана, во класата на проф. Драгиша Мишковиќ, а магистрира во Загреб (1976), во класата на проф. Марсел Фукс.

Добитник е на 13 државни и интернационални награди меѓу кои најзначајни се:

- „Прешернова награда” на Музичката академија во Љубљана, 1972;
- „Прва Вјесникова награда” - Загреб, 1976;
- Прва награда на „X Југословенски натпревар на музички уметници” – Загреб, 1977;
- Награда „Драган Гиртл” - Загреб, 1977;
- „Повелба на културата на Македонија” - Скопје, 1988;
- „13 Ноември” - Награда на Град Скопје, 1990;
- „Златна лира” - Скопје, 1991;

– Статуетка „Мајка Тереза", 2008;
– „4 Ноември" – Битола, 2011.

Во тек на седум години работи како соло тромбонист во Симфонискиот оркестар на РТВ Љубљана, 1970-1977 г. Од 1977 до 1979 год. е професор во Музичкото училиште во Штип. Од 1981 до 1993 год. има статус на самостоен уметник. Во 1993 год. е вработен како директор на фестивалот Интерфест -Битола. Од 2004 до 2007 год. повторно го има статусот самостоен уметник. Соработува со ФМУ Скопје како доцент по тромбон во хонорарен однос. Од 1 јули 2007 год. работи како вонреден професор по тромбон на ФМУ - Штип. Во истиот период е и визитинг професор на Факултет за музичка уметност - Приштина, каде што води класа на магистерски студии по тромбон. Директор е на Интернационалниот фестивал за класична музика ИНТЕРФЕСТ-Битола.

Концертира во 37 земји на пет континенти: Европа, Азија, Северна и Јужна Америка и Африка: Македонија, Италија, Франција, Англија, Србија, Полска, Чешка, Црна Гора, Белгија, Холандија, Русија, Германија, Турција, Албанија, Словачка, Кина, Словенија, Хрватска, Босна, Латвија, Украина, Бугарија, Грција, Шпанија, Швајцарија, Австрија, Бразил, Португалија, Казахстан, САД, Канада, Египет, Шведска, Норвешка, Јапонија.

Настапува во значајните музички центри: Париз, Лондон, Москва,

Њујорк, Ст. Петерсбург, Киев, Виена, Монтреал, Женева, Истанбул, Рим, Ѓенова, Торино, Брисел, Гринзборо, Тирана, Дизелдорф, Лајпциг, Прага,

Рио Де Жанеиро, Хановер, Краков, Вилнус, Софија, Алмати, Астана, Порто, Сао Паоло, Бело Хоризонте, Каиро, Берген, Ротердам, Токио.

Настапува како солист со реномирани симфониски оркестри меѓу кои: Новосибирска филхармонија, Киров симфониски оркестар (Русија), Муниципал оркестар на Сао Паоло, Филхармонија на Кампинас, Симфонија на Сент Андре (Бразил), Филхармонија на Гринзборо - Северна Каролина, Државен оркестар на Американската армија од Вашингтон (САД), Симфониски оркестар Каиро (Египет), Македонска, Белградска, Загрепска филхармонија, Симфониските оркестри на РТВ Љубљана, РТВ Сараево, РТВ Загреб, РТВ Нови Сад, РТВ Приштина, симфониските оркестри на Дубровник, Сплит, Ниш, Мостар, Подгорица; воените оркестри на Загреб, Љубљана, Скопје, Белград; Танцовиот оркестар на МРТ и РТВ Љубљана. Солист е со камерните оркестри: Загрепски солисти, Про музика-Белград, Оркестарот на От Норманди, Камерниот оркестар на Екс Прованс (Франција), Минхенски камерен оркестар (Германија), Ротердам Камероркест (Холандија) Камерен оркестар на МРТ, Македонски камерен оркестар, Суботички камерен оркестар, Истанбулски камерен оркестар, „Словеникум", Љубљана, „Симфониета" - Монтреал, Ка нада.

Снимил музика за: РАИ, Австриско радио, ГЛОБО ТВ, ТВ Франција, ТВ Русија, ТВ Тирана, ТВ Казахстан, Радио Порто, Радио Жирона, Радио Љубљана, Загреб, Белград, Скопје, Сараево, Нови Сад, Приштина, Подгорица.

Снимил две ЛП (за Југотон Загреб и ПГП Белград) и пет компакт-диска за ЕМС (Белгија), Дисковерс (Германија), Итака (САД).

Одржува мајсторски школи во: Москва, Ст. Петерсбург, Виена, Новосибирск, Ротердам, Шангај, Бело Хоризонте, Валенсија, Дубровник, Кастелфидардо, Хондскут-Франција, Љубљана, Копар, Сасари, Трст, Каиро, Загреб, Гринзборо (САД), Токио.

Неговата уметност инспирирала композитори од Италија, Словенија, Македонија, Бразил, Србија, Хрватска, Турција, Португалија, кои му посветија 56 композиции (симфонија за тромбон и оркестар, 3 концерти за тромбон и оркестар, сонати, минијатури).

Музичката критика го нарекува „поет на тромбонот", „маестро", „виртуоз", „паганини на тромбонот".

***Наставно-образовна дејност***

М-р Кирил Рибарски од 1 јули 2007 год. е вонреден професор по тромбон, како и сродните предмети од таа област: хорна, туба, камерна музика и оркестарски делници. Во својата педагошка работа Рибарски ги внесува сознанијата и откритијата од неговите долгогодишни истражувања во усовршувањето на техничките можности на тромбонот и на лимените дувачки инструменти воопшто, како и искуствата од неговата богата концертна

активност. Интенциите на неговата педагошка работа се да го оспособи студентот да ги совлада сите техничко-музички особености на инструментот но и да може да ја афирмира својата уметност на концертната сцена. Неговите студенти настапуваат на студентски манифестации - концерти во рамките на активностите на Факултетот (види табела наставно-образовна дејност под реден бр. 19).

Рибарски е организатор на Воркшоп во Штип, како и во рамките на Интерфест-Битола, каде што со своите студенти подготвува концертни програми во различни камерни состави: триа, квартети, квинтети како и „Секстет Рибарски” и (види табела бр. 21). Рибарски е поканет да раководи со магистерските студии по тромбон во својство на визитинг-професор на Факултетот за музичка уметност во Приштина од 2007 година. Во академска година 2011/2012 год.,

Рибарски има двајца магистранти и еден студент на додипломски студии по туба (види табела под реден број 29). Ментор е на одбранета магистерска работа на тројца студенти на ФМУ - Приштина, од кои двајца магистранти по тромбон од Тирана и еден од Приштина (види табела бр. 12).Раководител е на семинари и мастеркласи во Македонија, 2008 год. во Тирана, 2009 год. во Приштина и 2010 год. во Токио (види табела бр.18 и 27);Студентите Филип Стевановски (тромбон) и Виктор Карапанџов (туба) со највисоки оценки ја одбраниле дипломската работа и се добитници на високи награди на државните натпревари (види табела бр. 14).

Член е на комисии за одбрана на дипломска и магистерска работа (види табела бр. 16, 17).

Кирил Рибарски е рецензент на конкурсите за избор во повисоко наставничко звање на наставници од дувачката класа на ФМУ - Штип (табела бр. 30).

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

Во периодот од 2007 год. до денес Кирил Рибарски одржал 62 концерти од кои 35 рецитални (со пијано соработка на Милица Шперовиќ-Рибарски), 2 гала концерти, 4 концерти како солист со симфониски и камерни оркестри и настапи на 21 групни концерти.

Тоа се:

1. Канада, Монтреал, Рецитал на Фестивалот „Ла Маисон Трестлер”, 18. 7. 2007 год.;
2. Канада, Ласин, солист со камерниот оркестар „Симфониета”, диригент Ален Трудел, 21.7.2007 год.;
3. Шпанија, Жирона, Рецитал, 28. 7. 2007 год.;
4. Франција, Авињон, Рецитал на Фестивалот „Лес Флораисонс Мусицалес, 3. 8. 2007 год.;
5. Киров, Русија, соло настап со Симфониски оркестар Киров, диригент Костја Масљук, 7.8.2007 год.;
6. Грција, Порто-Хели, Рецитал, 17.8. 2007 год.;
7. Италија, Сасари-Сардинија, Рецитал на „Брас Фестивал”, 2.9.2007 год.;
8. Италија, Иглесијас-Сардинија, Рецитал, 4.9. 2007 год.;
9. Хрватска, Загреб, солист со воениот оркестар, диригент Томислав Фачини, 26. 9. 2007 год.;
10. Битола, Фестивал Интерфест - Битола, Рецитал „30 години дуо Рибарски”, рецензија Костадин Костадинов, 2. 10. 2007 год.;
11. Србија, Нови Сад, Рецитал, 20. 2. 2008 год.;
12. Австрија, Сент Полтен, „Гала концерт на виртуози”, со солисти од Австрија и Германија, 12. 3. 2008 год.;
13. Турција, Истанбул, Рецитал, 2. 4. 2008 год.;
14. Италија, Розето, Рецитал, 6. 6. 2008 год.;
15. Италија, Киети, Рецитал, 7.6. 2008 год.;
16. Норвешка, Берген, рецитал на Фестивалот „Едуард Григ Фестивал”, 27. 6. 2008 год.;
17. Италија, Портофино, Рецитал на „Портофино класика фестивал”, 6.7. 2008 год.; Италија, Рецитал на „Удине летен фестивал”, 8. 7. 2008 год.;
18. Италија, Фестивал „Фолоника“, рецитал, 11. 7. 2008 год.;

19. Скопје, МАНУ, настап во чест на Мајка Тереза со доделување на „Статуетка на Мајка Тереза”, 5. 9. 2008 год.;
20. Албанија, Пустец, рецитал Добротворен концерт за Македонците од другата страна на границата 6. 9. 2008 год.;
21. Албанија, Тирана, Прослава по повод осамостојувањето на Македонија во Македонската амбасада, 8. 9. 2008 год.;
22. Албанија, Тирана, рецитал во салата на Национална опера и балет, со директен пренос на пет ТВ куќи, 9. 9. 2008 год.;
23. Албанија, Драч, Интернационален фестивал, Рецитал, 10. 9. 2008 год.;
24. Германија, Берлин, Рецитал во фабрика „Сименс“, 27. 9. 2008 год.;
25. Косово, Приштина, Рецитал на „Косова Камерфест”, 28. 10. 2008 год.;
26. Австрија, Виена, Рецитал со оргуљи во придружба на оргуљашите Роберт Лербаумер и Михаел Стефанидес, 10. 5. 2009 год.;
27. Италија, Аричија, Рецитал на Фестивалот „ Concerts de Primavera”, 7.6. 2009 год.;
28. Франција, Нанси, Рецитал на фестивалот „ Nanczphonies”, (рецензија од Дидиер Хемардинљуер, “Monde et ville”, 9. 7. 2009 год.;
29. Шведска, рецитал на „Јулитафестивален” во Катриненхолм, 12. 7. 2009 год.;
30. Куманово, рецитал на „Кумановско лето” 17.7. 2009 год.;
31. Италија, рецитал на Фестивал “Estate musicale di Gressonez”, 5. 8. 2009 год.;
32. Јапонија, Токио, Рецитал, 4. 4. 2010 год.;
33. Јапонија, Канагава, Рецитал, 11. 4. 2010 год.;
34. Шпанија, Кадакес, Рецитал на Фестивал “Concerts de Primavera”, 17. 4. 2010 год.;
35. Италија, Гросето, Рецитал, 5.06. 2010 год.;
36. Италија, Парма, Рецитал на “Slonjflute Festival”, 4. 8. 2010 год.;
37. Италија, Рагуза, Сицилија, Рецитал, Рецензија од Giovannella Galliano, “Giornale di Sicilia”, 21. 1. 2011 год.;
38. Скопје, соло настап со Ревиски оркестар на МРТ, диригент Кире Костов, концерт посветен на Д.Ѓ.Шпато по повод 80 години од неговото раѓање;
39. Франција, Париз, рецитал во Црква „Ст. Мери“, 19. 6. 2011 год.;
40. Куманово, рецитал во Дом на култура „Трајко Прокопиев“, 28.7.2011 год.(Види табела научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под реден број 6).

***Настапи на Кирил Рибарски на групни концерти:***

1. Штип, настап на прослава на Универзитетот „Гоце Делчев“, 1. 10. 2007 год.;
2. Скопје, настап на Скопски саем во организација на ФМУ - Штип, 17. 4. 2008 год.;
3. Светиниколско културно лето, класите на Рибарски и Мицанов, 16.6. 2008 год.;
4. Штип, простор пред Музеј, настап со студент, 19. 6. 2008 год.;
5. Куманово, Дом на култура, настап со студентите на класа Рибарски, 20.6. 2008 год.;
6. Кавадарци, настап на концерт во рамките на ФМУ, УГД, 18. 8. 2008 год.;
7. Куманово, настап на концерт во рамките на ФМУ, УГД, 19. 8. 2008 год.;
8. Штип, настап, УГД, 20. 8. 2008 год.;
9. Штип, настап на Рибарски на промоција на монографија на КУД Македонка, 7. 11. 2008 год.;
10. Штип, Велигденски концерт во Пионерски дом, 16. 4. 2009 год.;
11. Штип, Меморијален концерт Санда Бикова, 22. 5. 2009 год.;
12. Штип, настап на концерт на класа Рибарски, 30. 11. 2009 год.;
13. Штип, гостин на концерт на класа на проф. Ванчо Самоников, 21. 12. 2009 год.;
14. Штип, настап во Универзитетски клуб, 1. 3. 2010 год.;
15. Битола, концерт на „Секстет тромбони Рибарски”, на свеченото затворање на Интернационалниот фестивал Интерфест - Битола, 12. 10. 2010 год.;
16. Штип, настап на концерт на класа Рибарски, 29. 11. 2010 год.;
17. Штип, гостин на концерт на класа Самоников, 20. 12. 2010 год.;
18. Штип, настап на хуманитарен концерт, 23. 12. 2010 год.;
19. Штип, настап на концерт на класа Рибарски, 11. 4. 2011 год.;
20. Штип, настап на меморијален концерт на Санда Бикова, 23. 5. 2011 год.;

21. Штип, гостин на дипломски концерт на Виктор Карапанџов, 14. 6. 2011 год. (види табела под реден број 7 и 9).

Тројца студенти на вон проф. Кирил Рибарски ја одбранија магистерската работа (види табела под ред. бр. 11).

Кирил Рибарски е директор на Интернационалниот фестивал на класична музика Интерфест - Битола и директор на Интерфест пијано интернационален натпревар (види табела ред. бр. 18 и 19). Добитник е на Награда „Статуетка Мајка Тереза" (види табела под ред.бр. 21).

***Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност***

Мастеркласот на Кирил Рибарски во Токио беше објавен во стручното списание "Brass Pipers" од Токио, Јапонија (види табела под ред. бр. 5). Објавени се три авторски компакт-дискови со снимки на Кирил Рибарски (види табела 6). Како директор на Интерфест-Битола е носител на Наградата „4-ти Ноември" (види табела под ред. бр. 19).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од сите наведени податоци за активноста на кандидатот Кирил Рибарски произлегува дека ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање редовен професор за наставно-научната уметничка област *тромбон* кои се наведени во членот 127 од Законот за високото образование и Правилникот на единствените стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Кандидатот преку реализираните активности покажа дека ги поседува сите потребни квалитети и за развивање на наставно-образовната дејност, за поттикнување и усовршување на стручно-уметничките потенцијали на студентите преку концертна активност и за дејностите во склопот на организациските аспекти на Универзитетот.

Во согласност со сите овие согледувања за извонредните постигнувања на кандидатот Кирил Рибарски, ни претставува чест како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот совет да го усвои нашиот предлог и предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип за да може **кандидадот вонреден професор м-р Кирил Рибарски да се избере во звање редовен професор за наставно-научната уметничка област тромбон на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Иван Кочаров, претседател, с.р.**
**М-р Гордана Јосифовска - Неделковска, член, с.р.**
**М-р Милица Шперовиќ-Рибарски, член, с.р.**

## П Р И Л О Г
## Табела за вреднување на активностите на м-р Кирил Рибарски

| Ред. бр. | Наставно - образовна дејност | во земјата | во странство |
|---|---|---|---|
| 12 | Ментор на одбранета магистерска работа | / | 3 x 6 = 18 |
| 14. | Ментор на одбранета дипломска работа (макс. 7) | 2 x 1=2 | / |
| 16. | Член на комисија за одбрана на магистерска и специјалистичка работа | 1 x 1=2 | / |
| 17. | Член на комисија за одбрана на Дипломска работа (максимум 7) | 5 x 0,2=1 | / |
| 18. | Раководител на семинар | 2 | 3 x 4=12 |
| 19. | Раководител на студент во учество на студентска или ученичка манифестација | 8 x1=8 | / |
| 21. | Основач на наставна лабораторија (да се прецизира) ВОРКШОП на Интерфест (1) и Штип (2) | 3 x 2=6 | / |
| 25. | Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период)* | 62 | |
| 27. | Одржани предавања (или консултации) на постдипломски студии по одржан курс | 2 џ3 =6 | 2 x 6=12 |
| 29. | Визитинг професор во странство (најмалку еден семестар) | 8 (еднократно) | |
| 30. | Рецензент на соработници и наставници | 3 x1=3 | / |
| | | | 142 поени од потребни 40 |
| | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени во земјата** | **Поени во странство** |
| 6 | Музички настапи на официјален концерт | 6 x3=18 | 32 x 6-192 |
| 7. | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | 18 x 2 =36 | / |
| 8. | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт | / | 3 x3=9 |
| 9. | Настап како гостин на концерт во Штип | 3 x1/=3 | / |
| 11. | Одбранета магистерска работа | | 3 x 4 =12 |
| 18. | Претседател на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал директор на Интерфест-Битола | 1 x 2= 2 | / |
| 19. | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал директор на Интерфест пијано натпревар | 1x1 =1 | / |
| 21. | Награди - признанија за научни постигнувања, сценско-музички награди | 1 x5=5 | / |

Вкупно поени 278 од потребни 45

| Ред. број | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | **во странство** |
| 5. | Објавен мастерклас во стручно списание во Јапонија | | 1 x 3=3 |
| 6. | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир; учество во авторски изданија на три компакт дискови | 3 x2 =6 | |
| 19. | Стручни награди и признанија | 1 x 4 | / |
| 28. | Член на факултетски орган, комисија | 8 x 2 =16 | |

Вкупно поени 29 од потребни 15
Вкупно поени: 449 од потребни 100